# З А П И С Н И К
од прва вонредна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 14.11.2025 година

Седницата се одржа во просториите на Општина Валандово..Седницата започна во 20.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово Марија Чурлинова .

На седницата присутни беа 13 членови на Советот. Отсутни беа Момчило Павлов и Мартин Мишков.

За работа на итната седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година.

Беше отворена расправа по дневниот ред.

Немаше никој пријавено за дискусија, па дневниот ред беше ставен на гласање и со 13 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ истиот беше изгласан.

Се пристапи со работа на седницата.

ТОЧКА 1

По . Предлог - Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Валандово за 2025 година образложение имаше вработената во одделението за финансирање и Буџет во Општина Валандово Зорица Ѓоргиева .Рече дека измените и дополнувањето на Буџетот се должи на додавањето на износот за исплата на регрес на вработените во Културниот дом, бидејќи истите не биле планирани, а тоа е законаска обврска на сите вработени во јавниот и приватниот сектор.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и предлозите беа ставени на гласање и со 13 гласа ЗА 0 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ беа изгласани.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и првата итна седница на Советот на Општина Валандово беше заклучена.

Записничар
С.Х.Јовановиќ

Претседател на Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова